**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-520
11.12 **2014 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 24 ноември до 1 декември 2014 година, бр.10-6118/2 од 09.12.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради несоодветно категоризирана програма и емитување во несоодветен временски период за категоријата програма, од страна на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 11.12.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, бр.01-5777/1 од 21.11.2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), односно поради тоа што во периодот од 24 ноември до 1 декември 2014 година, играната програма „Сила" е несоодветно категоризирана како програма од прва категорија – наменета за целата публика и се емитува во несоодветен временски период за категоријата програма.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, почеток и крај на период на емитување и опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 24 ноември до 1 декември 2014 година, бр.10-6118/2 од 09.12.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на

одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, од 24 ноември до 1 декември 2014 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, во периодот од 24 ноември до 1 декември 2014 година, играната програма „Сила" е несоодветно категоризирана како програма од прва категорија – наменета за целата публика и се емитува во несоодветен временски период за категоријата програма.

Повредата од точка 1 став 1 од ова решение, специфицирана е (по наслов на емисија, период на емитување почеток и крај и опис на прекршување), во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 24 ноември до 1 декември 2014 година, бр.10-6118/2 од 09.12.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 24 ноември до 1 декември 2014 година, бр.10-6118/2 од 09.12.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Правилникот за заштита на малолетните лица, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештај од вонредниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 24 ноември до 1 декември 2014 година, бр.10-6118/2 од 09.12.2014 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.